**РАБОТИЛНИЦА ЦЕФ ЉУБЉАНА, ИТ РЕВИЗИЈА, ЈУНИ 2015 ГОДИНА**

Работилница на тема Ревизија на ИТ системи, во организација на ЦЕФ Љубљана.

Работилницата на тема Ревизија на ИТ системи се одржа во периодот од 3-5 јуни 2015 година во Љубљана. На оваа работилница присуствуваа двајца ревизори од Ревизорското тело.
Цел на работилницата беше запознавање на учесниците со основните принципи и стандарди, методологија и фази на вршење на ИТ ревизијата. За време на работилницата беа дискутирани следниве теми: анализа на ИТ ризици и внатрешни контроли, Принципи, стандарди и видови на ИТ ревизија, пристапи и техники на ИТ ревизија, фази на ИТ ревизија: планирање, извршување, известување.
На работилницата присуствуваа 26 учесници од Ерменија, Хрватска, Грузија, Македонија, Молдавија, Монголија, Црна Гора, Романија, Словенија и Турција.

Предавачи: двајца експерти од Централното ревизорско тело на Холандија.